Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2010 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2010 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/1
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 31.08.2010 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за прифаќање Кварталниот извештај за
извршување на Буџетот на Општината Битола за
вториот квартал во 2010 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал во 2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-1724/3
31.08.2010 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола за намалување цената на водата по категории на корисници

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола за намалување цената на водата по категории на корисници, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/2
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на
ЈКП „Водовод“ Битола
за намалување цената на водата по категрории на корисници

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола за намалување цената на водата по категрории на корисници бр. 02-693/2 од 17.08.2010 година, донесена на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие, одржана на 17.08.2010 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-1724/4
31.08.2010 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
утврдување на листа за изградба и реконструкција
на водоводни системи во населените места
на подрачјето на Општината Битола
со користење на средства од Европска инвестициона банка

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на листа за изградба и реконструкција на водоводни системи во населените места на подрачјето на Општината Битола со користење на средства од Европска инвестициона банка, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/3
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 т. 4 и чл. 22 т. 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02), член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на листа за изградба и реконструкција на водоводни системи во населените места на подрачјето на Општината Битола со користење на средства од Европска инвестициона банка

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува листа за изградба и реконструкција на водоводни системи во населените места на подрачјето на Општината Битола со користење на средства од Европска инвестициона банка.

### Член 2

Се утврдува листа на следните водоводни системи во населените места: Породин, Раштани, Трново-Магарево, Габалавци, Острец, Водоводен систем Злокуќани (Бистрица, Олевени, Барешани и нас. „Коле Канински“), Кажани, Брусник, Лавци, Нижеполе, Канино, Велушина, Лопатица, Г. Српци, Лера, Рамна, Секирани, Доленци и Црнеец.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-1724/5
31.08.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
донесување на Локална Урбанистичка Планска документација
за КП бр. 8070 на ул. „Димитрие Туцовиќ“ бр. 48 Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на Локална Урбанистичка Планска документација за КП бр. 8070 на ул. „Димитрие Туцовиќ“ бр. 48 Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/4
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) пречистен текст и член 50-а од Законот за измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 91/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Локална Урбанистичка Планска документација за КП Бр. 8070 на ул. ,,Димитрије Туцовиќ“бр. 48 Битола**

Член 1

СЕ ДОНЕСУВА Локална Урбанистичка Планска документација за КП Бр. 8070 на ул. ,,Димитрије Туцовиќ“ бр. 48 Битола.

Член 2

Локалната Урбанистичка Планска документација за КП Бр. 8070 на ул. ,,Димитрије Туцовиќ“ бр. 48 Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Локална Урбанистичка Планска документација за КП Бр. 8070 на ул. ,,Димитрије Туцовиќ“ бр. 48 Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-1724/6
31.08.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
утврдување Нацрт ДУП „Стрчин Урбан Блок 1“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт ДУП „Стрчин Урбан Блок 1“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/5
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт ДУП „Стрчин Урбан Блок 1„ Битола

### Член 1

**СЕ УТВРДУВА Нацрт ДУП „Стрчин Урбан Блок 1“ – Битола.**

### Член 2

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-1724/7
31.08.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на оптички кабел од регионален пат Битола- Демир Хисар до стопански комплекс во м.в. „Дрми“ КО Драгожани КО Секирани Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на оптички кабел од регионален пат Битола-Демир Хисар до стопански комплекс во м.в. „Дрми“ КО Драгожани КО Секирани Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/6
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр.24/08), член 26 (член 50-а ) од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр.91/09), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на оптички кабел од регионален пат Битола- Демир Хисар до стопански комплекс во м.в. „Дрми“ КО Драгожани КО Секирани Битола

### Член 1

СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на оптички кабел од регионален пат Битола - Демир Хисар до стопански комплекс во м.в. „Дрми“ КО Драгожани КО Секирани Битола..

Опфатот на Локалната урбанистичка планска документација е прикажан на графичкиот прилог.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесувањето на Локалната урбанистичка планска документација ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-1724/8 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.08.2010 год. — на Советот на Општината Битола
Битола — Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на џамија со намена В5 на КП бр. 2297
м.в. Средно Поле КО Лажец Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на џамија со намена В 5 на КП бр. 2297 м.в. Средно Поле КО Лажец Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/7
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр.24/08), член 26 (член 50-а ) од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр.91/09), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на џамија со намена В5 на КП Бр. 2297 м.в. Средно Поле КО Лажец Општина Битола**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА** од изработување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на џамија со намена В5 на КП Бр. 2297 м.в. Средно Поле КО Лажец Општина Битола.

Границата на Локалната урбанистичка планска документација се поклопува со границата на катастарската парцела КП. Бр. 2297 Битола со површина од 1000 м2.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесувањето на Локалната урбанистичка планска документација ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-1724/9 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 31.08.2010 год. | на Советот на Општината Битола |
| Битола | Лилјана Кузмановска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
разрешување и именување член во
Комисијата за статут и прописи на
Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/8
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување член во
Комисијата за статут и прописи на
Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за статут и прописи на Советот на Општината Битола се разрешува членот Томе Блажевски, а на негово место се именува Тони Велјановски, од Битола, ул. „Караорман“ бр. 52-в.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-1724/10
31.08.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
разрешување и именување член во
Комисијата за доделување општински признанија и награди на
Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за доделување општински признанија и награди на Советот на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/9
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02), член 32 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член во
Комисијата за доделување општински признанија и награди на
Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за доделување општински признанија и награди на Советот на Општината Битола се разрешува членот Томе Блажевски, а на негово место се именува Тони Велјановски, од Битола, ул. „Караорман“ бр.52-в.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-1724/11
31.08.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
разрешување и именување член во
Управниот одбор на Фондот на Наградата „4. Ноември“ на
Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Фондот на Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.08.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1795/10
03.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02), член 32 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.08.2010 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Управниот одбор на Фондот на Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола

1. Од Управниот одбор на Фондот на Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола се разрешува Томе Блажевски, а на негово место се именува Тони Велјановски, од Битола, ул. „Караорман“ бр. 52-в.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-1724/12
31.08.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска